ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 30.12.2019 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-1218/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 т.26 од Законот за високо образование („Сл. весник на Р. Македонија“ бр.82/18“) и член 72 т.26 од Статутот на Европскиот Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат, на 82-та седница одржана на ден 30.12.2019 го донесе следниов:

П Р А В И Л Н И К
за организирање на издавачка дејност на Европски Универзитет Скопје

I.Основни одредби

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи за остварување на издавачка дејност на Европскиот Универзитет Скопје (во понатамошниот текст: Универзитет).

Член 2

Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила и друга прирачна литература, кои ќе се продаваат во книжарницата или библиотеката на Универзитетот.

Изданијата од претходниот став на овој член не можат да се употребуваат во наставно-образовниот процес, доколку се издадени спротивно од одредбите на овој Правилник.

Член 3

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува врз основа на годишни и повеќегодишни издавачки планови утврдени по предлог на Универзитетот.

Член 4

Универзитетот во областа на издавачката дејност врши:

- утврдување на состојбите и потребите од универзитетски изданија;
- унапредување и осовременување на издавачката дејност;

– обезбедување на материјални средства за издавачка дејност;
– координирање на активностите во издавачката дејност со другите универзитети и другите издавачи во Република Македонија;
– поттикнување на преведувачката дејност на квалитетни меѓународно афирмирани учебници и
– други мерки и активности.

Член 5

За реализација на Издавачкиот план, за организирање и унапредување на издавачката дејност, Ректорската управа формира Комисија за издавачка дејност. Комисијата се состои од пет члена, а ја раководи еден од проректорите на Универзитетот.

Генералниот секретар на Универзитетот е член на комисијата за издавачка дејност по службена должност.

Член 6

Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот:
– ја организира издавачката дејност на Универзитетот и предлага мерки за нејзино унапредување;
– подготвува предлог-план и програма за издавачка дејност за секоја академска година;
– го реализира планот на издавачката и дистрибутивната дејност и предлага мерки за нивно подобрување;
– ги утврдува продажните цени и се грижи за реализација на продажбата на издадените учебници;
– ја информира Ректорската управа за реализација на издавачкиот план;
– преку Интеруниверзитетската конференција за универзитетите во РМ соработува со Комисиите за издавачка дејност на другите универзитети;
– ја проверува исправноста и законитоста на спроведената постапка за издавање на учебниците и учебните помагала и донесува конечна одлука за издавање на учебниците;
– врши и други работи од нејзината дејност.

II. Средства за издавачка дејност

Член 7

Средствата за издавачка дејност на Универзитетот се обезбедуваат со посебен финансиски план одобрен од Управниот Одбор.

III. Категоризација, обем и тираж на учебниците

Член 8

Учебниците на универзитетот се издаваат како: постојан учебник и времен

Учебник.

Учебни помагала се: скрипта, збирка на задачи, практикум, авторизирани предавања, христоматии и други помагала.

Член 9

Бројот на авторските табаци на учебникот не смее да ја надмине половината од бројот на часовите предвидени за предавања, а бројот на авторските табаци на учебните помагала да не ја надминува половината на часовите предвидени за вежби.

Член 10

Тиражот на изданието се определува во зависност од бројот на студентите за кои тоа е наменето, поаѓајќи од претпоставката дека ќе ги задоволи потребите за најмалку 2 генерации.

IV. Постапка за издавање на учебници и учебни помагала

Член 11

Учебниците ги издава Универзитетот.

Член 12

Ректорската управа по предлог на единиците во состав на Универзитетот и на Комисијата за издавачка дејност донесува годишен план за издавање на учебници и учебни помагала.

Издавачкиот план од претходниот став опфаќа: наслов на учебникот, автор, факултет, тираж, број на студенти за кои е наменет, предметна програма со број на часови, за категоризација на учебникот и сл., како и финансиска конструкција.

Член 13

Секое издание на Универзитетот се подготвува согласно соодветна постапка. Постапката за издавање учебни помагала е соодветна на постапката за издавање учебници.

Член 14

Комисијата за издавачка дејност го разгледува предлогот за издавање учебник и утврдува дали постапката по ракописот е спроведена според одредбите на овој Правилник, односно дека се исполнети условите за објавување на ракописот.

Доколку Комисијата не го прифати ракописот, конечна одлука донесува Ректорската управа.

IV. Постапка за издавање на учебници и учебни

Член 15

Наставно-научниот совет на факултетите, на барање на заинтересирана странка, може да покрене иницијатива за повторно издавање на веќе издадена публикација. Публикацијата може да се преиздаде само доколку претходното издание е распродадено повеќе од 90% од тиражот.

Постапката за преиздавање е иста како и за првото издание, со тоа што за изданијата кои имаат измени помалку од 25% од содржината на претходното издание, не се пишува рецензија доколку не поминале повеќе од 5 години.

Член 16

Секој ракопис подлежи на јазично редактирање од страна на овластено лице согласно закон.

Член 17

Секое издание на Универзитетот задолжително ги содржи следниве елементи: име на Универзитетот и име на единицата, име на авторот/авторите, наслов на изданието, место и година на печатење, амблем на Универзитетот, рецензентите и тираж.

На последната страница се содржани следниве елементи: автор, наслов на трудот, јазична корекција, техничко уредување и коректура, спонзори доколку ги има, печатница и тираж на изданието.

Одредбите од ст. 1 и ст.2 на овој член соодветно се применуваат и за другите изданија на Универзитетот и единиците во неговиот состав.

Член 18

Од издадените учебници и учебни помагала се издвојуваат:

– пет примероци на Народната и универзитетската библиотека;

– десет примероци за библиотеката, читалната на универзитетот за седиштето во Скопје и

– десет примероци бесплатно му се доделуваат на авторот.

Член 19

Учебниците и учебните помагала се продаваат од институции и лица овластени од Управниот одбор на Универзитетот.

V.Авторско право, авторски хонорари и други надоместоци на авторите

Член 20

Авторското право на сите изданија авторите со договор му го препуштаат и му го отстапуваат на универзитетот.

Со договорот поблиску се определуваат меѓусебните односи меѓу авторот и издавачот, односно универзитетот.

На издадените учебници и учебни помагала врз основа на договор со авторот, универзитетот ги превзема и штити авторските права.

Член 21

Приходот од продажбата на учебниците и учебните помагала се распределува во согласност со посебна одлука на Управниот одбор.

Од остварениот приход најпрво се покриваат трошоците за издавањето, надоместокот на рецензиите, трошоците на продажбата и други зависни трошоци.

VI. Цена на изданијата

Член 22

За секој учебник Управниот одбор ја утврдува продажната цена која зависи од:

- карактерот на учебникот (учебното помагало);
- обемот (бројот на авторските табаци);
- квалитетот на изданието (квалитетот на изданието зависи од квалитетот на хартијата, во колку бои е печатено изданието, квалитетот на корицата и др.);
- обемот на тиражот на изданието и др.

Секој учебник (учебно помагало) има посебна цена од која се формира вкупна цена доколку учебниците и учебните помагала се продаваат во пакет.

Член 23

Заради остварување на обртни средства и обезбедување пласман и продажба на универзитетски изданија, Универзитетот ги презема следниве мерки и активности:

– врши претплата на учебникот додека е во фаза на подготовка за објавување;

- врши продажба на универзитетските изданија во сопствени сервиси.

VII. Промоција на учебници

Член 24

Универзитетот може да врши промоција на учебници, монографии, научни публикации и други изданија.

Универзитетот промоцијата на учебниците ја организира во соработка со единицата во неговиот состав од соодветната наставно-научна област.

VIII. Издавање на други изданија на Универзитетот

Член 25

На универзитетот, покрај учебниците и учебните помагала, се издаваат:

- Годишен зборник на универзитетот;
- Билтен на универзитетот и
- Други повремени публикации.

Член 26

Годишниот зборник на универзитетот се издава еднаш годишно со прилози од наставниците и соработниците на универзитетот.

За издавање на зборникот Универзитетскиот сенат секоја година формира посебен редакциононен одбор.

Член 27

Билтенот на универзитетот се издава по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Во билтенот се објавуваат:

- рецензиите за избор на наставници и соработници;
- рецензиите за издавање учебници и учебни помагала;
- актите на универзитетот и др.

Издавањето на билтенот е во надлежност на ректорската управа и генералниот секретар на универзитетот.

Член 28

Надзор над примената на одредбите од овој Правилник врши ректорот.

Доколку се утврдат повреди од овој Правилник, веднаш се преземаат мерки за отстранување на повредите.

Стручните, административните, сметководствените и финансиските работи во издавачката дејност, со согласност на Управниот одбор, ги врши Стручната

служба на Универзитетот.

IX. Завршни одредби

Член 29

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 30

За измени и дополонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 31

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Вонреден проф.д-р Љупчо Сотироски